**Original Research Paper**
**UDK: 343.91-053.2/.6(497.7)**
**343.24/.26-053.2/.6(497.7)**

# THE CRIMES COMMITED BY CHILDREN AND THE PENAL POLICY OF THE COURTS TOWARDS CHILDREN IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Aleksandra Gruevska-Drakulevski**
Full Professor, PhD, Ss. Cyril and Methodius University, Faculty of Law "Iustinianus Primus" in Skopje, Institute of Criminal Law, Department of Criminology and Penology. E-mail: a.gruevskadrakulevski@pf.ukim.edu.mk, aleksandra_gruevskadrakulevski@yahoo.com

**Aleksandra Deanoska-Trendafilova**
Full Professor, PhD, Ss. Cyril and Methodius University, Faculty of Law "Iustinianus Primus" in Skopje, Institute of Criminal Law, Department of Criminal Law. E-mail: a.deanoskatrendafilova@pf.ukim.edu.mk aleksandra_deanoska@yahoo.com

*"The development and the future of every society depends on what kind of young generation there is, how it develops and how much society takes care of its proper development."*
Ljupcho Arnaudovski

**Abstract**

The authors of the paper refer to the criminological aspects of the criminality of children in the Republic of North Macedonia, as well as, to the penal policy of the courts towards children. The criminality of children in a certain society is the best, most reliable indicator of the position of the young generation in that society and what is the attitude of that society towards them. In the criminological literature, there is a thesis that the criminality of children is always behind the profound changes in the phenomenological characteristics of the criminality, because "a child offender today is a recidivist tomorrow". When it comes to the penal policy that should be conducted towards children, the international norms and standards, as well as, the solutions of the European legislation incorporated in the Law of Justice for Children, emphasize educational measures instead of retributive punishments, as well as, the increased engagement of centers for social assistance, and pedagogical and social professional treatment. The system of sanctions in the Republic of North Macedonia provided for children emphasizes the preventive, educational, protective, educational and corrective function of the sanctions, while emphasizing the exclusive application of the prison sentence only for older minors and for the most serious crimes committed. On the other hand, the fact that the most serious forms of crime committed by children, with elements of violence, aggression, committed in gangs, etc., are registered is worrying. The criminality of children is gaining importance due to its close connection with sociopathological phenomena, and the age limit for criminality of children and the sociopathological phenomena that go along with it (alcoholism, drug addiction, prostitution, sexual deviations, vagrancy, etc.) is getting lower and lower. Hence, there is a need to review the minimal age of criminal responsibility of children in our country.

***Keywords**:* criminality of children, sanctions for children, educational measures, prison for children, criminal responsibility of children, retribution, upbringing, sociopathological phenomena.

# КРИМИНАЛИТЕТОТ НА ДЕЦАТА И КАЗНЕНАТА ПОЛИТИКА НА СУДОВИТЕ СПРЕМА ДЕЦА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Александра Груевска-Дракулевски**
Редовен професор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Институт за казнено право, Катедра за криминологија и пенологија. E-mail: a.gruevskadrakulevski@pf.ukim.edu.mk, aleksandra_gruevskadrakulevski@yahoo.com

**Александра Деаноска-Трендафилова**
Редовен професор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Институт за казнено право, Катедра за казнено материјално право. E-mail: a.deanoskatrendafilova@pf.ukim.edu.mk, aleksandra_deanoska@yahoo.com

*„Развојот и иднината на секое општество
зависи од тоа каква млада генерација има,
како таа се развива и колку општеството
се грижи за нејзиниот правилен развој. "*
Љупчо Арнаудовски

**Апстракт**

Авторките на трудот се осврнуваат на криминолошките аспекти на криминалитетот на децата во Република Северна Македонија, како и на казнената политика на судовите спрема децата. Криминалитетот на децата во одредено општество е најдобриот, најсигурниот индикатор за тоа каква е положбата на младата генерација во тоа општество и каков е односот на тоа општество спрема неа. Во криминолошката литература се истакнува тезата дека криминалитетот на децата секогаш стои зад длабоките промени на феноменолошките карактеристики на криминалитетот, бидејќи „детето криминалец денес е рецидивист утре". Кога станува збор за криминалната политика што треба да се води спрема децата, меѓународните норми и стандарди како и решенијата на европските законодавства вградени во Законот за правда за децата, акцентот го ставаат на воспитните мерки наместо на ретрибутивните казни, како и на сè поголема ангажираност на центрите за социјална помош, и на педагошки и социјален стручен третман. Посебниот систем на санкции во Република Северна Македонија предвидени за децата посебно ја нагласуваат превентивната, воспитната, заштитната, образовната и поправната функција на санкциите, притоа нагласувајќи ја исклучивата примена на казната затвор само за постари малолетници и тоа за најтешките сторени казнени дела. Од друга страна, загрижува податокот дека се регистрираат најтешки форми на криминалитет извршени од страна на децата, со елементи на насилство, агресија, извршени во банди, итн. Криминалитетот на децата добива нагласено значење и поради тесната поврзаност со социопатолошки појави, а старосната граница на криминалитетот на децата и социопатолошките појави кои му одат во прилог (алкохолизам, наркоманија, проституција, сексуални девијации, вагабундажа, итн.) се спушта сè пониско. Оттука, се наметнува потребата за преиспитување на минималната возраст на кривична одговорност на децата во нашата земја.

***Клучни зборови:*** *криминалитет на деца, казни за деца, воспитни мерки, затвор за деца, кривична одговорност на деца, ретрибуција, воспитување, социопатолошки појави.*

## 1. Вовед

Криминалитетот на децата е предмет на континуирана анализа од страна на научниците, креаторите на политиките и пошироката јавност. Инволвираноста на децата во сериозни облици на криминал што вклучуваат насилство особено ја загрижува јавноста.

Детското престапништво е предмет на сериозна научна опсервација во казнено-правната и криминолошката наука. Поновите гледишта и тенденции детето – престапник го гледаат како жртва дури и кога тоа е извршител на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци. Имено, неуспехот на државата, на семејството, училиштето и општеството во целина да му пружи на детето оптимални услови за правилен раст и развој на неговата личност се смета дека е една од основните причини што одредени деца тргнуваат по патот на девијантните појави или што кај нив не се навреме препознаени состојбите на ризик.

Извлекувањето на децата од кривичното законодавство за возрасните и востановувањето на концептот на ресторативна правда во специјалното законодавство за правда за децата започна уште во 2007 година и тоа е потврда за прифаќањето на современите тенденции во оваа сфера и во нашата држава.[289]

Во согласност со чл. 2 од актуелниот Закон за правда за децата: *„Целите на Законот и на неговата примена се остварување на приоритетен интерес и заштита на децата од криминал, насилство и од кој било облик на загрозување на нивните слободи и права и нивниот правилен развој, заштита на децата сторители на дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци и од поврат на такви дела, нивна социјализација, воспитување и превоспитување, помош и грижа за децата и заштита во постапката пред судот и другите органи на нивните слободи и права загарантирани со Уставот на Република Македонија, со Конвенцијата за правата на детето и со другите меѓународни договори за положбата на децата, ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија“.*[290]

Криминалитетот на децата и казнената политика кон него, строго формално и во казнено-правен контекст, се гледа низ официјалните статистички податоци за извршени кривични дела од страна на деца. Разгледувајќи го од овој аспект, треба да се имаат предвид неколку клучни параметри – законските одредби со кои се востановува возрасна граница за влез на децата под опсег на „радарот“ на кривичното право и системот на казнена правда, податоците за извршени дејствија предвидени како кривични дела по вид (групи на кривични дела и одделни дела заради утврдување на манифестационите облици – феноменологијата), како и изречените санкции за ваквите дела.

Согласно позитивното македонско законодавство за правда за децата, минималната возраст за кривична одговорност, законодавецот ја поставува на 14 години, па така, Законот за правда за децата во повеќе одредби го нагласува тоа: „на дете над 14 години не може да му биде изречена санкција за дејствие кое пред да е сторено не било предвидено со закон како кривично дело или

[289] Со донесувањето на првиот Закон за малолетничка правда, *„Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/07*), децата беа „извлечени“ од Кривичниот законик, иако одредени општи институти и одредби соодветно се применуваат за материјата што не е соодветно поинаку уредена со lex specialis.

[290] Закон за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ број 148/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19 и 275/19).

прекршок и за кое не била утврдена санкција со закон или со ратификуван меѓународен договор“; [291]...„на дете над 14 години во неформалното постапување на надлежните органи и служби, како и во судската постапка, му се гарантираат истите права...“[292] , „при примената на мерките и санкциите во постапките утврдени со овој закон на дете над 14 години можат да му бидат одземени или ограничени определени права само во мера што одговара на достигнатиот степен на развој на неговата личност и на неговата потреба за отстранување на состојбите што влијаат тој да врши дејствија што со закон се предвидени како кривични дела или прекршоци“; [293] „мерката или санкцијата што му се изрекува на дете над 14 години треба да одговара на неговата личност, тежината на дејствието што со закон е предвидено како кривично дело...“[294] итн.

Дефинициите од Законот ја востановуваат одговорноста на деца за кривични дела преку две категории и тоа: „дете во судир со закон од 14 до 16 години“ (секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор над три години наполнило 14, а не наполнило 16 години), и „дете во судир со закон над 16 години“ (секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор над три години наполнило 16 години, а не наполнило 18 години).

Врз криминалитетот на децата влијаат низа фактори меѓу кои доминираат семејните фактори и околности, училиштето, пријателите, ниските семејни приходи, нискиот степен на образование, насилничката средина итн.[295]

На дете во судир со законот односно на дете од 14 до 16 годишна возраст за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело можат да му се изречат само воспитни мерки, а на дете од 16 до 18 годишна возраст за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело можат да му се изречат воспитни мерки, а по исклучок може да му се изрече казна или алтернативна мерка.[296]

Емпириската анализа за потребите на овој труд се заснова токму врз погоре наведените параметри.

## 2. Децата и нивниот влез во „казнено-правната зона“

Во светлината на сè позачестените фрапантни случаи на извршување на тешки кривични дела на насилство од страна на деца, особено од страна на деца кои не ја достигнале возраста да бидат кривично одговорни,[297] сè поактуелно станува прашањето за возрасната граница со која децата влегуваат во казнено-правната зона и се одговорни за дејствија кои ги исполнуваат обележјата на кривични дела.

Во Република Северна Македонија, децата, како што и погоре наведовме, стануваат кривично одговорни со навршени 14 години (деца во судир со законот над 14 години и деца во судир со законот над 16 години).

[291] Чл. 5, Закон за правда за децата.
[292] Чл. 7, Закон за правда за децата.
[293] Чл.14, ст. 2 Закон за правда за децата.
[294] Чл.16, Закон за правда за децата.
[295] Подетално в. Груевска – Дракулевски, А. (2008). Рецидивизам код малолетничког криминалитета у Републици Македонији као индикатор за (не)ефикасност казнене политике“. Zbornik Radova Dvadesetiprvog susreta na tema: Pravo i sloboda, Pravni život, Časopis za pravnu teoriju i praksu, Kopaonička škola prirodnog prava Udruženja pravnika Srbije, br.10-2008, godina LVII, knjiga 520, str.125-137.
[296] Чл. 34, Закон за правда за децата.
[297] Anđelković, I. (2023, May 4). KOLIKO DUGO ĆE DEČAK-UBICA BITI ZADRŽAN NA PSIHIJATRIJI Lekari u agoniji: "Nemamo s čim da uporedimo slučaj, nijedno dete do sada nije počinilo MASOVNO UBISTVO!. Retrieved from https://www.blic.rs/vesti/drustvo/lekari-u-agoniji-koliko-decak-ubica-moze-da-bude-zadrzan-na-psihijatriji/psjnst6.

Ова е на линија и со стојалиштето на Комитетот за правата на детето на Обединетите нации согласно кое неприфатливо е минималната возраст за кривична одговорност да биде под 12 години, со нагласок на тоа дека посоодветно решение е возраста од 14 години.[298]

Но во многу држави постојат разлики во легислативните решенија, па во таа смисла, Австралија и Нов Зеланд се меѓу државите кои имаат најниска минимална возраст за кривична одговорност; имено, таа изнесува 10 години.[299] Ваква ниска старосна граница за кривична одговорност имаат и Велика Британија и Швајцарија,[300] а меѓу државите со проблематични решенија може да се вбројат и Франција[301] и САД.

Соединетите Американски Држави се чини дека предничат во решенијата кои заслужуваат критика; скоро половина од сојузните држави немаат предвидено минимална старосна граница за кривичен прогон на деца.[302] Согласно низа експерти, децата кои ќе се најдат во допир со системот на казнена правда на возраст меѓу 10 и 14 години имаат поголеми шанси да станат рецидивисти зошто ваквиот контакт со системот се смета дека делува криминогено.[303] Децата на таа возраст сè уште не се доволно зрели за да бидат кривично одговорни и да се заложат за себе во целиот процес, па, оттука, се смета дека и системот не е доволно објективен кон нив.

Во европските држави главно е прифатена границата од 14 години со извесни отстапки. Приказ на старосните граници за кривична одговорност во 20 европски држави е даден во Табела 1 од Анексот кон овој труд.

## 3. Феноменолошки карактеристики на криминалитетот на децата во Република Северна Македонија и казнена политика

Во насока на сеопфатна анализа на криминалитетот на децата, неминовно се наметнува потребата од сумарна анализа на феноменолошките карактеристики на криминалитетот на децата во Република Северна Македонија, како и казнената политика на судовите спрема децата сторители на кривични дела.

Криминалитетот на децата во одредено општество е најдобриот, најсигурниот индикатор за тоа каква е положбата на младата генерација во тоа општество и каков е односот на тоа општество спрема сопствената млада генерација. Во криминолошката литература се истакнува тезата дека „малолетничкиот криминалитет секогаш стои зад длабоките промени во феноменолошките карактеристики на криминалитетот, бидејќи „малолетниот криминалец денес е рецидивист утре“.[304]

Криминалитетот на децата во Република Северна Македонија во периодот 2008-2021 година покажува тенденција на континуирано намалување со извесни осцилации низ годините и постепено зголемување во последните години. Во просек, во анализираниот период се пријавени 891 дете, од нив, во просек, 681 се обвинети, а 484 деца се осудени за сторени кривични дела. Од вкупниот број пријавени деца, во просек, 76.5 се обвинети, а од обвинетите 71% се осудени деца за сторени кривични дела. Податоците се сумирани и прикажани во табелата и графиконот подолу.

---

298 United Nations Committee on the Rights of the Child. (2007). Forty-Fourth Session, General Comments No. 10. Children's Rights in Juvenile Justice. Section 33.

299 Подетално в. Haysom, L. (2022) Raising the minimum age of criminal responsibility to 14 years, Journal of Paediatrics and Child Health, Volume 58, Issue 9, 1504-1507.

300 Подетално в. Child Rights International Network, Minimum ages of criminal responsibility in Europe, достапно на: https://archive.crin.org/en/home/ages/europe.html.

301 Во Франција нема формално утврдена минимална граница, но се смета дека дури и дете меѓу 8 и 10 години може да расудува што го прави подобно за кривична одговорност. Инаку, дете може да биде казнето со затвор и на возраст од наполнети 13 години, в. https://archive.crin.org/en/home/ages/europe.html

302 National Juvenile Justice Network, Raising the Minimum Age for Prosecuting Children, достапно на: https://www.njjn.org/our-work/raising-the-minimum-age-for-prosecuting-children.

303 Haysom, L., (2022) Raising the minimum age of criminal responsibility to 14 years, Journal of Paediatrics and Child Health, Volume 58, Issue 9, 1504-1507.

304 Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија. 2 Август С Штип.

**Табела 1:** Пријавени, обвинети и осудени деца според групите на кривични дела (2008-2021)

| **Вкупно** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **Просек** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Пријавени** | 1355 | 1519 | 1244 | 1163 | 1001 | 1005 | 972 | 772 | 587 | 578 | 554 | 525 | 610 | 589 | 891 | |
| **Обвинети** | 981 | 1030 | 750 | 1002 | 778 | 657 | 712 | 465 | 702 | 554 | 403 | 470 | 481 | 553 | 681 | 76.5 |
| **Осудени** | 715 | 748 | 547 | 722 | 556 | 473 | 461 | 348 | 468 | 368 | 330 | 304 | 350 | 382 | 484 | 71.0 |

Извор: Државен завод за статистика

**Графикон**




Во анализираниот период (2017-2021) доминираат кривични дела против: имотот, животот и телото, безбедноста на јавниот сообраќај, јавниот ред, здравјето на луѓето, половата слобода и половиот морал, општата сигурност на луѓето и имотот, итн. (в. табела).

Во однос на структурата на криминалитетот на децата, истиот е сконцентриран на две до три групи на кривични дела и тоа, доминантен облик во структурата на криминалитетот на децата е имотниот криминалитет. Она што, исто така, може да се констатира е дека тешките облици на имотни кривични дела (тешка кражба) бележат зголемување со манифестирање на насилнички елементи. Следат кривичните дела против животот и телото и кривичните дела против безбедноста во јавниот сообраќај (в. Анекс).[305] И кај кривичните дела против животот и телото се забележува сè поголем процент на тешки облици на овие дела. Инаку, кога станува збор за извршени кривични

[305] Чонева, Љ., Чачева, В., Арнаудовски, Љ., Станкова, М., Марковиќ, М. и Станковска, Г. (2007), Малолетничкиот криминалитет во транзицијата во Република Македонија. Институт за социолошки и политичко правни истражувања (ИСППИ), Скопје: Тренч.

дела против јавниот ред, во 47% од случаите постапката спрема децата е запрена заради примена на начелото на опортунитет.[306]

Загрижува податокот дека се регистрираат најтешки форми на криминалитет извршени од страна на деца, со елементи на насилство, агресија, извршени во малолетнички банди, итн. Криминалитетот на децата добива нагласено значење и поради тесната поврзаност со социопатолошките појави. Старосната граница на криминалитетот и социопатолошките појави кои му одат во прилог (алкохолизам, наркоманија, проституција, сексуални девијации, вагабундажа, итн.) се спушта сѐ пониско.[307]

**Табела 2:** Пријавени, обвинети и осудени деца според групите на кривични дела (2017-2021)

| | **2017** | | | **2018** | | | **2019** | | | **2020** | | | **2021** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Пријавени** | **Обвинети** | **Осудени** | **Пријавени** | **Обвинети** | **Осудени** | **Пријавени** | **Обвинети** | **Осудени** | **Пријавени** | **Обвинети** | **Осудени** | **Пријавени** | **Обвинети** | **Осудени** |
| **Вкупно** | 578 | 554 | 368 | 554 | 403 | 330 | 525 | 470 | 304 | 610 | 481 | 350 | 589 | 553 | 382 |
| **Кривични дела против животот и телото** | 55 | 39 | 29 | 60 | 48 | 44 | 49 | 59 | 38 | 60 | 52 | 39 | 52 | 36 | 25 |
| **Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | 8 | 6 | 2 | 7 | 2 | 2 | 6 | 5 | 3 | 11 | 7 | 4 | 5 | 4 | 4 |
| **Кривични дела против честа и угледот** | - | - | - | - | - | - | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Кривични дела против половата слобода и половиот морал** | - | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 14 | 9 | 2 | 8 | 7 | 5 | 15 | 14 | 9 |
| **Кривични дела против здравјето на луѓето** | 15 | 9 | 7 | 20 | 11 | 10 | 26 | 22 | 18 | 147 | 81 | 66 | 115 | 111 | 94 |
| **Кривични дела против бракот, семејството и младината** | - | - | - | 2 | 1 | - | 5 | 2 | 1 | 3 | 3 | 1 | 10 | 2 | 2 |
| **Кривични дела против јавните финансии,** | 2 | 3 | 1 | - | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 3 | - | - | 1 | 7 | 3 |

[306] В. повеќе: Груевска-Дракулевски, Александра (2008). Рецидивизам код малолетничког криминалитета у Републици Македонији као индикатор за (не)ефикасност казнене политике. Zbornik Radova Dvadesetiprvog susreta na tema: Pravo i sloboda, Pravni život, Časopis za pravnu teoriju i praksu, Kopaonička škola prirodnog prava Udruženja pravnika Srbije, br.10-2008, godina LVII, knjiga 520, str.125-137.
[307] Камбовски, В. (2006). Кривично право-општ дел. Скопје: 2 Август С – Штип.

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **платниот промет и стопанството** | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Кривични дела против имотот** | 374 | 400 | 251 | 356 | 249 | 188 | 294 | 300 | 181 | 272 | 241 | 153 | 289 | 275 | 164 |
| **Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот** | 9 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 5 | 3 | 3 | 4 | 2 | 2 | 4 | 3 | 3 |
| **Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај** | 38 | 38 | 32 | 38 | 27 | 25 | 45 | 29 | 24 | 28 | 30 | 28 | 37 | 33 | 28 |
| **Кривични дела против правниот сообраќај** | 1 | 2 | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 3 | 3 | 2 | 1 | 1 |
| **Кривични дела против јавниот ред** | 71 | 48 | 37 | 59 | 56 | 53 | 71 | 33 | 29 | 65 | 54 | 48 | 54 | 62 | 45 |
| **Останати кривични дела** | 5 | 3 | 3 | 7 | 1 | 1 | 7 | 6 | 3 | 7 | 1 | 1 | 5 | 5 | 4 |

Извор: Државен завод за статистика

Во периодот 2017-2021 година во просек 54.1% од децата биле осудени за кривични дела против имотот, следуваат кривични дела против јавниот ред (12.2%), кривични дела против животот и телото (10.1%), кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај (7.9%) итн.

**Табела 3:** Осудени деца според групите на кривични дела (2017-2021)

| | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **Просек** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 368 | 330 | 302 | 350 | 382 | 346 | |
| **Животот и телото** | 29 | 44 | 38 | 39 | 25 | 35 | 10.1 |
| **Слободите и правата на човекот и граѓанинот** | 2 | 2 | 3 | 4 | 4 | 3 | 0.9 |
| **Честа и угледот** | - | - | - | - | - | | |
| **Половата слобода и половиот морал** | 2 | 2 | 2 | 5 | 9 | 4 | 1.2 |
| **Имотот** | 251 | 188 | 181 | 153 | 164 | 187 | 54.1 |
| **Општата сигурност на луѓето и имотот** | 2 | 2 | 3 | 2 | 3 | 2 | 0.7 |
| **Безбедноста на јавниот сообраќај** | 32 | 25 | 24 | 28 | 28 | 27 | 7.9 |
| **Правниот сообраќај** | 2 | 1 | 1 | 3 | 1 | 2 | 0.5 |
| **Јавниот ред** | 37 | 53 | 29 | 48 | 45 | 42 | 12.2 |
| **Останати кривични дела** | 11 | 13 | 21 | 68 | 103 | 43 | 12.5 |

Извор: Државен завод за статистика

Во однос на полот како феноменолошка карактеристика, во период 2009-2021 година уште еднаш се потврдува тезата во криминологијата дека криминалитетот е „машка работа“. Така, од вкупниот број деца, во просек, 6,1% пријавени биле женски деца, 5,5% обвинети и 5,9% осудени женски деца, а останатите високи 94% биле машки деца.[308]

[308] Просекот и процентите се за периодот 2018-2021 година со оглед на расположливоста на податоците.

**Табела 4:** Пријавени, обвинети и осудени деца по пол (2009-2021)

| | | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | Просек | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Пријавени** | **Вкупно** | 1519 | 1244 | 1163 | 1001 | 1005 | 972 | 772 | 587 | 578 | 554 | 525 | 610 | 589 | 570 | |
| | **Машки** | 1459 | 1218 | 1137 | 974 | 976 | 916 | 735 | 552 | 552 | 537 | 495 | 575 | 531 | 535 | 93.9 |
| | **Жени** | 60 | 26 | 26 | 27 | 29 | 56 | 37 | 35 | 26 | 17 | 30 | 35 | 58 | 35 | 6.1 |
| **Обвинети** | **Вкупно** | 1030 | 750 | 1002 | 778 | 657 | 712 | 465 | 702 | 554 | 403 | 470 | 481 | 553 | 477 | |
| | **Машки** | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 383 | 447 | 463 | 509 | 451 | 94.5 |
| | **Жени** | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 20 | 23 | 18 | 44 | 26 | 5.5 |
| **Осудени** | **Вкупно** | 748 | 547 | 722 | 556 | 473 | 461 | 348 | 468 | 368 | 330 | 304 | 350 | 382 | 342 | |
| | **Машки** | 709 | 527 | 700 | 547 | 449 | 445 | 326 | 439 | 354 | 313 | 287 | 333 | 352 | 321 | 94.1 |
| | **Жени** | 39 | 20 | 22 | 9 | 24 | 16 | 22 | 29 | 14 | 17 | 17 | 17 | 30 | 20 | 5.9 |

Извор: Државен завод за статистика

Во однос на семејните услови, во најголем број случаи, во просек, високи 88,2% од осудените деца живееле со родители, а 11,8% живееле без родители. Од осудените деца кои живееле со родители, дури 86,9% живееле со двајцата родители, а од децата кои не живееле со родителите, 44,4% живееле сами.

**Табела 5:** Осудени деца според семејните услови (2017-2021)

| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | Просек | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 368 | 330 | 302 | 350 | 382 | 346 | |
| **Живее со родителите** | 337 | 299 | 245 | 314 | 332 | 305 | 88.2 |
| **.... Со двајцата родители** | 300 | 264 | 221 | 268 | 274 | 265 | 86.9 |
| **....Со таткото - мајката е почината** | 1 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 0.5 |
| **....Со таткото - родителите се одвоени** | 9 | 8 | 1 | 13 | 23 | 11 | 3.5 |
| **....Со мајката - таткото е починат** | 6 | 6 | 8 | 7 | 7 | 7 | 0.2 |
| **....Со мајката - родителите се одвоени** | 21 | 19 | 14 | 25 | 27 | 21 | 6.9 |
| **Не живее со родителите** | 31 | 31 | 57 | 36 | 50 | 41 | 11.8 |
| **.... Живее со брачен другар** | 4 | 3 | 1 | 1 | 16 | 5 | 12.2 |
| **.... Живее со роднини** | 5 | 1 | 14 | 6 | 8 | 7 | 16.6 |
| **.... Живее со други лица** | - | 2 | - | 1 | 1 | 1 | 3.3 |
| **.... Живее со друго семејство** | - | - | - | 1 | - | 1 | 2.4 |
| **....Живее во социјално-воспитна установа** | 11 | 6 | 14 | 1 | 18 | 10 | 24.4 |
| **.... Живее сам** | 11 | 19 | 28 | 26 | 7 | 18 | 44.4 |

Извор: Државен завод за статистика

Значајна карактеристика е школската подготовка. Во анализираниот период, во просек, 41,8% не посетувале училиште, 35,9% посетувале средно училиште, по 18% посетувале 1-4 клас средно училиште, 7,6% - основно, а 7% - 5-8 одделение.

**Табела 6:** Осудени деца според школската подготовка (2017-2021)

| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | Просек | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 368 | 330 | 304 | 350 | 382 | 347 | |
| **Основно** | 5 | 22 | 59 | 27 | 19 | 26 | 7.6 |
| **Средно** | 114 | 130 | 107 | 126 | 146 | 125 | 35.9 |
| **Непознато** | 118 | 26 | 66 | 44 | - | 64 | 18.3 |
| **1-4 одделение** | 2 | 4 | 1 | - | 1 | 2 | 0.6 |
| **5-8 одделение** | 4 | 19 | 53 | 26 | 20 | 24 | 7.0 |
| **1 и 2 клас средно** | 56 | 61 | 60 | 70 | 65 | 62 | 18.0 |
| **3 и 4 клас средно** | 56 | 68 | 52 | 57 | 79 | 62 | 18.0 |
| **Не посетува сега училиште** | 131 | 152 | 72 | 153 | 217 | 145 | 41.8 |

Извор: Државен завод за статистика

Согласно достапните податоци, за периодот 2015-2018 година, во просек, имало 99 деца жртви на семејно насилство и сексуална злоупотреба. Дури 75,5% биле жртви на семејно насилство, а 24,4% жртви на сексуална злоупотреба.

**Табела 7:** Деца жртви на семејно насилство и сексуална злоупотреба (2015-2018)

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | Просек | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 174 | 108 | 68 | 47 | - | - | - | 99 | |
| **Жртви на семејно насилство** | 125 | 81 | 55 | 39 | - | - | - | 75 | 75.6 |
| **Жртви на сексуална злоупотреба** | 49 | 27 | 13 | 8 | - | - | - | 24 | 24.4 |

Извор: Државен завод за статистика

Претходната анализа е дадена во трудот за да се видат феноменолошките карактеристики на криминалитетот на децата во однос на обемот, структурата и полот, но и одредени етиолошки варијабли како на пример, школската подготовка, семејните услови, виктимолошките аспекти и сл. Може да заклучиме дека криминалитетот на децата во Република Северна Македонија во периодот 2008-2021 година покажува тенденција на континуирано намалување со извесни осцилации низ годините и постепено зголемување во последните години. Доминираат кривични дела против: имотот, животот и телото, безбедноста на јавниот сообраќај, јавниот ред, здравјето на луѓето, половата слобода и половиот морал, општата сигурност на луѓето и имотот, итн. Најголемиот број, високи 94% од децата сторители на кривични дела биле машки деца. Во најголем број случаи, во просек, високи 88,2% од осудените деца живееле со родители, а во однос на школската подготовка, во просек, дури 41,8% од децата сторители на кривични дела не посетувале училиште. Загрижува податокот и за виктимизацијата на децата, односно значителен број на деца жртви, пред сè жртви на семејно насилство.

Понатаму во текстот следува анализа на казнената политика на судовите спрема деца сторители на кривични дела во периодот 2017-2021.

Во анализираниот период во просек биле изречени 88 кривични санкции на деца на возраст 14-16 години. Во најголем број случаи (во просек 44,1%) биле изречени мерки на засилен надзор од

страна на родители – старатели, потоа, во просек 28,4% биле изречени мерки на засилен надзор од орган за старателство. Дисциплински мерки укор биле изречени во просек во 21,8% од случаите. Следуваат заводски мерки упатување во воспитно поправен дом (4,5%) и упатување во воспитна установа (2,8%).

**Табела 8:** Осудени деца од 14 до 16 години и изречените кривични санкции (2017-2021)

| | 2017 | 201 8 | 201 9 | 202 0 | 202 1 | Просе к | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 112 | 73 | 82 | 80 | 93 | 88 | |
| **Дисциплинска мерка/укор** | 11 | 10 | 20 | 27 | 28 | 19 | 21. 8 |
| **Дисциплинска мерка/ дисциплински центар** | - | - | - | - | - | | |
| **Мерка на засилен надзор од страна на родители- старатели** | 63 | 39 | 32 | 29 | 31 | 39 | 44. 1 |
| **Мерка на засилен надзор во друго семејство** | - | - | - | - | - | | |
| **Мерка на засилен надзор од орган за старателство** | 34 | 18 | 28 | 21 | 24 | 25 | 28. 4 |
| **Заводска мерка / воспитна установа** | 2 | 3 | - | - | - | 3 | 2.8 |
| **Заводска мерка /воспитно-поправен дом** | 2 | 3 | 2 | 3 | 10 | 4 | 4.5 |

Извор: Државен завод за статистика

Што се однесува на казнената политика на судовите спрема деца на возраст од 16 до 18 години, во просек, во анализираниот период биле изречени 258 кривични санкции. Во најголем број случаи биле изречени мерки на засилен надзор од страна на родители - старатели (во просек 41,5%), потоа, мерки на засилен надзор од орган за старателство (во просек 34,6%) и дисциплински мерки/укор (во просек 20,0%). Заводски мерки упатување во воспитно-поправен дом биле изречени во 2,3%, а упатување во воспитна установа во 1,2%. Казни затвор биле изречени во просек по три во траење 3-5 години и по една во траење 5-8 години, 2-3 години и до две години.

**Табела 9:** Осудени деца од 16 до 18 години и изречените кривични санкции (2017-2021)

| | 2017 | 201 8 | 201 9 | 202 0 | 202 1 | Просе к | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 256 | 257 | 218 | 270 | 289 | 258 | |
| **Затвор до 10 години** | - | - | - | - | - | | |
| **Затвор од 8 до 10 години** | - | - | - | - | - | | |
| **Затвор од 5 до 8 години** | 1 | 1 | - | - | - | 1 | 0.4 |
| **Затвор од 3 до 5 години** | 3 | - | - | - | - | 3 | 1.2 |
| **Затвор од 2 до 3 години** | - | 1 | - | - | - | 1 | 0.4 |
| **Затвор до 2 години** | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 0.5 |
| **Дисциплинска мерка/укор** | 39 | 36 | 30 | 76 | 77 | 52 | 20. 0 |
| **Дисциплинска мерка/ дисциплински центар** | - | - | - | - | - | | |
| **Мерка на засилен надзор од страна на родители- старатели** | 128 | 107 | 90 | 101 | 109 | 107 | 41. 5 |
| **Мерка на засилен надзор во друго семејство** | - | - | - | - | - | | |
| **Мерка на засилен надзор од орган за старателство** | 75 | 101 | 95 | 85 | 90 | 89 | 34. 6 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Заводска мерка / воспитна установа** | 3 | 5 | - | - | 1 | 3 | 1.2 |
| **Заводска мерка /воспитно-поправен дом** | 6 | 5 | 1 | 7 | 11 | 6 | 2.3 |

Извор: Државен завод за статистика

Може да заклучиме дека во анализираниот период судовите изрекле најмногу воспитни мерки. За поздравување е податокот дека судовите во многу мал број случаи се одлучуваат за казната затвор за деца, што е потврда за прифаќањето од страна на судиите на новиот ресторативен концепт наспрема ретрибутивниот, воведен во Македонија со Законот за малолетничка правда, а потоа и со Законот за правда за децата. Од воспитните мерки, судовите најчесто изрекуваат мерки на засилен надзор од страна на родители, посвоители, старатели и од страна на орган за старателство. Мерката засилен надзор во друго семејство и дисциплински центар воопшто не се изрекуваат бидејќи не се заживеани, ниту пак е формиран таков центар. Од заводските мерки, во поголем број случаи малолетниците се упатуваат во воспитно-поправен дом отколку во воспитна установа, со тенденција на пад на нивно изрекување.

## 4. Заклучок

Криминалитетот на децата во Република Северна Македонија е важно прашање за научна опсервација заради утврдување на реалната состојба и релевантните показатели за креирање на политиките во оваа сфера во иднина.

Во периодот 2008-2021 година се забележува тенденција на континуирано намалување со извесни осцилации низ годините и постепено зголемување во последните години. Во анализираниот период од 2017-2021 година доминираат неколку групи на кривични дела извршени од деца и тоа: кривични дела против имотот, кривични дела против јавниот ред, кривични дела против животот и телото, следат кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај, кривични дела против здравјето на луѓето итн. Имотните деликти кај децата учествуваат со над 50% што е алармантно. Делата против јавниот ред и против животот и телото се на второ и трето место на листата. Во поглед на полот како феноменолошка карактеристика, произлегува дека и кај децата криминалитетот му припаѓа доминантно на машкиот пол со високи 94% машки деца во судир со законот.

Од анализираните податоци и досегашните истражувања произлегува дека старосната граница на криминалитетот и социопатолошките појави се спушта сѐ пониско.

Во врска со казнената политика за изречени санкции на деца на возраст 14-16 години, во скоро 45% од случаите биле изречени мерки на засилен надзор од страна на родители – старатели, следат мерките на засилен надзор од орган за старателство, па дисциплински мерки/укор. Заводските мерки упатување во воспитно поправен дом и упатување во воспитна установа се изречени во нешто над 7% од случаите.

Казнената политика на судовите спрема деца на возраст од 16 до 18 години е доста слична со претходната категорија, односно доминираат со над 40% изречените мерки на засилен надзор од страна на родители – старатели, следат мерките на засилен надзор од орган за старателство и дисциплинските мерки/укор. Заводските мерки упатување во воспитно поправен дом и упатување во воспитна установа се изрекуваат во мал процент. Но, како категорија лица на која може да се изречат казни, се забележува дека се изречени казни затвор во просек по три во траење 3-5 години и по една во траење 5-8 години итн.

Фактот дека судовите во анализираниот период изрекле најмногу воспитни мерки, а ретко изрекуваат казна затвор за деца е позитивен и претставува потврда за прифаќање новиот ресторативен концепт од страна на судовите.

Во врска со евентуалното менување на минималната старосна граница за кривична одговорност, сметаме дека нашето законско решение треба да остане какво што е во моментот, особено имајќи го предвид фактот што најголемиот број на европски држави се определиле за

возраста од 14 години што е целосно на линија и со препораката на Комитетот за правата на детето на ОН.

Она што треба да биде во фокусот на државата во периодот што следи е зајакнување на капацитетите и одговорно работење на институциите во насока на спречување на причините за девијантни однесувања кај децата и навремено воочување и спречување на состојбите на ризик кои доведуваат до тоа децата да дојдат во судир со законот.

**Користена литература**


1. Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија. 2 Август С Штип.

2. Anđelković, I. (2023, May 4). KOLIKO DUGO ĆE DEČAK-UBICA BITI ZADRŽAN NA PSIHIJATRIJI Lekari u agoniji: "Nemamo s čim da uporedimo slučaj, nijedno dete do sada nije počinilo MASOVNO UBISTVO!. Retrieved from https://www.blic.rs/vesti/drustvo/lekari-u-agoniji-koliko-decak-ubica-moze-da-bude-zadrzan-na-psihijatriji/psjnst6

3. Child Rights International Network, Minimum ages of criminal responsibility in Europe. Retrieved from https://archive.crin.org/en/home/ages/europe.html

4. Државен завод за статистика, Пријавени, обвинети и осудени деца сторители на кривични дела, www.stat.gov.mk

5. Груевска – Дракулевски, А. (2008). Рецидивизам код малолетничког криминалитета у Републици Македонији као индикатор за (не)ефикасност казнене политике. Zbornik Radova Dvadesetiprvog susreta na tema: Pravo i sloboda, Pravni život, Časopis za pravnu teoriju i praksu, Kopaonička škola prirodnog prava Udruženja pravnika Srbije, br.10-2008, godina LVII, knjiga 520, стр.125-137.

6. Камбовски, В. (2006). Кривично право-општ дел. Скопје. 2 Август С – Штип.

7. Камбовски, В. (2011). Кривично право-посебен дел. Скопје. 2 Август С – Штип.

8. Кривичен законик ((„Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.36/23)

9. National Juvenile Justice Network, Raising the Minimum Age for Prosecuting Children, Retrieved from https://www.njjn.org/our-work/raising-the-minimum-age-for-prosecuting-children

10. Haysom, L. (2022). Raising the minimum age of criminal responsibility to 14 years. Journal of Paediatrics and Child Health, Volume 58, Issue 9, pp. 1504-1507

11. Чонева, Љ., Чачева, В., Арнаудовски, Љ., Станкова, М., Марковиќ, М. и Станковска, Г. (2007). Малолетничкиот криминалитет во транзицијата во Република Македонија. Институт за социолошки и политичко правни истражувања (ИСППИ), Скопје: Тренч.

12. United Nations Committee on the Rights of the Child (2007). Forty-Fourth Session General Comments No. 10. Children's Rights in Juvenile Justice. Section 33.

13. Закон за малолетничка правда, *„Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/07*)

14. Закон за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ број 148/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19 и 275/19)

## АНЕКС

**Табела 10: Осудени деца од 14 до 16 години според кривичното дело и изречените кривични санкции, по години**

| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Вкупно | Вкупно | Вкупно | Вкупно |
| **Вкупно** | 112 | 73 | 82 | 80 | 93 |
| **Кривични дела против животот и телото** | 2 | 11 | 16 | 12 | 3 |
| **....Убиство** | - | 1 | 1 | 1 | - |
| **....Телесна повреда** | - | 9 | 4 | 6 | 2 |
| **....Тешка телесна повреда** | 2 | 1 | 7 | 5 | 1 |
| **....Учество во тепачка** | - | - | 1 | - | - |
| **....Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница** | - | - | 3 | - | - |
| **Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | 1 | - | - | - | 1 |
| **....Присилба** | - | - | - | - | 1 |
| **....Противправно лишување од слобода** | 1 | - | - | - | - |
| **....Останати кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | - | - | - | - | - |
| **Кривични дела против половата слобода и половиот морал** | 1 | - | - | 1 | 5 |
| **....Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години** | - | - | - | 1 | 4 |
| **....Останати кривични дела против половата слобода и половиот морал** | 1 | - | - | - | 1 |
| **Кривични дела против здравјето на луѓето** | - | - | 2 | 13 | 14 |
| **....Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори** | - | - | 1 | - | - |
| **....Овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори** | - | - | 1 | 1 | - |
| **....Останати кривични дела против здравјето на луѓето** | - | - | - | 12 | 14 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Кривични дела против животната средина и природата** | - | - | - | - | 1 |
| **....Пустошење шума** | - | - | - | - | - |
| **....Незаконит риболов** | - | - | - | - | - |
| **...Останати кривични дела против животната средина и природата** | - | - | - | - | 1 |
| **Кривични дела против имотот.** | 84 | 47 | 54 | 34 | 53 |
| **....Разбојничка кражба** | 1 | 1 | - | - | - |
| **....Кражба** | 13 | 9 | 11 | 4 | 12 |
| **....Тешка кражба** | 56 | 31 | 25 | 22 | 32 |
| **....Разбојништво** | 10 | 5 | 7 | 2 | 3 |
| **....Одземање моторно возило** | 4 | 1 | 7 | 2 | 3 |
| **....Изнуда** | - | - | 1 | 1 | - |
| **....Прикривање** | - | - | - | 1 | - |
| **....Затајување** | - | - | - | - | - |
| **....Останати кривични дела против имотот** | - | - | 3 | 2 | 3 |
| **Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството** | 1 | - | - | - | 1 |
| **....Изработка и употреба на лажна платежна картичка** | 1 | - | - | - | - |
| **....Фалсификување на пари** | - | - | - | - | 1 |
| **....Останати кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството** | - | - | - | - | - |
| **Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот** | 1 | - | 1 | 1 | - |
| **....Предизвикување општа опасност** | 1 | - | 1 | 1 | - |
| **Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај** | 11 | 8 | 5 | 7 | 8 |
| **....Загрозување на безбедноста во сообраќајот** | 11 | 8 | 5 | 7 | 8 |
| **Кривични дела против правосудството** | - | - | - | - | - |
| **....Лажно пријавување кривично дело** | - | - | - | - | - |
| **....Спречување докажување** | - | - | - | - | - |
| **Кривични дела против  правниот сообраќај** | - | - | - | - | - |
| **....Фалсификување исправа** | - | - | - | - | - |
| **Кривични дела против јавниот ред** | 11 | 7 | 3 | 12 | 7 |
| **....Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста** | 2 | - | - | - | - |
| **....Спречување службено лице во вршење службено  дејствие** | 1 | - | - | 1 | 1 |
| **....Насилство** | 7 | 6 | 3 | 11 | 6 |
| **....Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи** | 1 | 1 | - | - | - |
| **Кривични дела од посебни закони** | - | - | 1 | - | - |

Извор: Државен завод за статистика

**Табела 11: Осудени деца од 16 до 18 години според кривичното дело и изречените кривични санкции, по години**

| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Вкупно | Вкупно | Вкупно | Вкупно |
| **Вкупно** | 256 | 257 | 218 | 270 | 289 |
| **Кривични дела против животот и телото** | 27 | 33 | 22 | 27 | 22 |
| **....Телесна повреда** | 17 | 15 | 10 | 15 | 9 |
| **....Тешка телесна повреда** | 3 | 13 | 7 | 9 | 10 |
| **....Учество во тепачка** | 2 | - | 1 | 1 | 3 |
| **....Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница** | 2 | 1 | 3 | 1 | - |
| **....Убиство** | 3 | 4 | 1 | 1 | - |
| **Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | 1 | 2 | 3 | 4 | 3 |
| **....Присилба** | - | 1 | - | - | - |
| **...Загрозување на сигурноста** | - | - | 1 | 3 | 2 |
| **....Останати кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 |
| **Кривични дела против половата слобода и половиот морал** | 1 | 2 | 2 | 4 | 4 |
| **....Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години** | 1 | 2 | 1 | 3 | 2 |
| **....Останати кривични дела против половата слобода и половиот морал** | - | - | 1 | 1 | 2 |
| **Кривични дела против бракот, семејството и младината** | - | - | 1 | 1 | 2 |
| **....Одземање дете** | - | - | - | 1 | - |
| **....Останати кривични дела против бракот, семејството и младината** | - | - | 1 | - | 2 |
| **Кривични дела против здравјето на луѓето** | 7 | 10 | 16 | 53 | 80 |
| **....Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори** | 6 | 8 | 14 | 12 | 10 |
| **....Овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори** | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| **....Останати кривични дела против здравјето на луѓето** | - | - | - | 39 | 68 |
| **Кривични дела против животната средина и природата** | 1 | 1 | - | - | 1 |
| **....Пустошење шума** | 1 | - | - | - | - |
| **....Незаконит риболов** | - | 1 | - | - | - |
| **...Останати кривични дела против животната средина и природата** | - | - | - | - | 1 |
| **Кривични дела против имотот** | 167 | 141 | 124 | 119 | 111 |
| **....Тешка кражба** | 109 | 89 | 86 | 71 | 67 |
| **....Кражба** | 33 | 24 | 17 | 28 | 15 |
| **....Разбојништво** | 16 | 7 | 11 | 8 | 13 |
| **....Разбојничка кражба** | 1 | - | - | 1 | - |
| **....Одземање моторно возило** | 5 | 9 | 8 | 5 | 13 |
| **....Изнуда** | 1 | - | - | 1 | - |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **....Прикривање** | 2 | 7 | 1 | 1 | 1 |
| **....Останати кривични дела против имотот** | - | 5 | 1 | 4 | 2 |
| **Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството** | - | 2 | 1 | - | 2 |
| **....Фалсификување на пари** | - | 1 | 1 | - | 2 |
| **....Останати кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството** | - | 1 | - | - | - |
| **Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот** | 1 | 2 | 2 | 1 | 3 |
| **....Предизвикување општа опасност** | 1 | 2 | 2 | 1 | 3 |
| **Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај** | 21 | 17 | 19 | 21 | 20 |
| **....Загрозување на безбедноста во сообраќајот** | 21 | 17 | 19 | 20 | 20 |
| **....Останати кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај** | - | - | - | 1 | - |
| **Кривични дела против правосудството** | 2 | - | - | - | 2 |
| **....Лажно пријавување кривично дело** | 1 | - | - | - | 2 |
| **....Спречување докажување** | 1 | - | - | - | - |
| **Кривични дела против правниот сообраќај** | 2 | 1 | 1 | 3 | 1 |
| **....Фалсификување исправа** | 2 | 1 | 1 | 3 | 1 |
| **Кривични дела против јавниот ред** | 26 | 46 | 25 | 36 | 38 |
| **....Спречување службено лице во вршење на службено дејствие** | 1 | 2 | - | 6 | 2 |
| **....Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста** | 2 | - | 3 | 3 | 1 |
| **....Насилство** | 19 | 44 | 21 | 24 | 33 |
| **....Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи** | 1 | - | 1 | 2 | 2 |
| **....Останати кривични дела против јавниот ред** | 3 | - | - | 1 | - |
| **Кривични дела против човечноста и меѓународното право** | - | - | 1 | 1 | - |
| **....Криумчарење на мигранти** | - | - | - | 1 | - |
| **....Трговија со дете** | - | - | 1 | - | - |
| **Кривични дела вон КЗ** | - | - | 1 | - | - |
| **....Останати** | - | - | 1 | - | - |

Извор: Државен завод за статистика

**Табела 11: Минимална возраст за кривична одговорност во некои европски држави**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Австрија** | 14 години, односно 15 за одделни дела |
| 2. | **Албанија** | 14 години за потешки, 16 за полесни дела |
| 3. | **Белгија** | 12 години |
| 4. | **БиХ** | 14 години |
| 5. | **Бугарија** | 14 години |
| 6. | **Хрватска** | 14 години |
| 7. | **Данска** | 15 години |
| 8. | **Финска** | 15 години |
| 9. | **Германија** | 14 години |
| 10. | **Исланд** | 15 години |
| 11. | **Италија** | 14 години |
| 12. | **Малта** | 14 години |
| 13. | **Црна Гора** | 14 години |
| 14. | **Холандија** | 12 години |
| 15. | **Норвешка** | 15 години |
| 16. | **Романија** | 14 години |
| 17. | **Србија** | 14 години |
| 18. | **Словенија** | 14 години |
| 19. | **Шпанија** | 14 години |
| 20. | **Шведска** | 15 години |

Извор: CRIN (Child Rights International Network)